ин.мин.ф. 31/14-12.45
157,2,16/344

По предложение на Поверенството на внатрешните работи, Президиумот на АСНОМ, на своето заседание одржано на 15 декември 1944 година, донесе следното

ВРЕМЕНО РЕШЕНИЕ:
за забраната на носенйето огнострелно оражие.

Чл.1 Се забрануе секое носенйе на огнострелно оражие от страна на цивилните лица.

Чл.2 Право на носенйето огнострелно оражие имат само войниците на НОВ и ПО на Македонийа, како и лицата на кои, поради карактерот на службата, им се разрешава носенйето на оражие, кое требе да биде потврдено од службите им.

Чл.3 Цивилните лица кои имат огнострелно оражие са должни да го предадат или регистрират во найблиското воено подручие или команда на местото од 15 йануар 1944 година.

Чл4 Лицата кои имайат ловджиско оражие, должни са да го регистрираат истото пред Управните отдели на НОО-и, кои ке давайат разрешение за носенйе на ловджиско оражие, до донесуенйе на втора наредба.

Чл.5 На нарушителите ке се конфискува оражието и ке бидат накажани со глоба до 10.000.лева од Прочелникот на Управното оделение на НОО.

Чл.6 Овоа времено решение влегува во сила со денот на публикуванйето.

ПРЕЗИДИУМ НА А С Н О М.

СЕКРЕТАР,
/Страхил Гигов/

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
/Методийа Андонов Ченто/